СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 894/2022

Дата: 13-05-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Петровец ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување на локалитет Катранџица, КО Ржаничино, Општина Петровец.**
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 9,56 ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y13820i** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување на локалитет Катранџица, КО Ржаничино, Општина Петровец, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.
5. Планскиот опфат навлегва во заштитната зона на аеродромот Скопје.
6. **Се укинува** Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, КО Ржаничино, Општина Петровец, (Решение бр. УП1-15 1016/2020 од 28.07.2020 година) и Условите за планирање на просторот (Елаборат со тех. бр. Y13820), кои се составен дел на Решението за Услови за планирање на просторот, а по барање на Општина Петровец, заради промена на намената за кои се издадени Условите за планирање на просторот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Петровец, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 33895, до Агенцијата за планирање на просторот за измена на издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи, КО Ржаничино, Општина Петровец во Услови за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување на локалитет Катранџица, КО Ржаничино, Општина Петровец.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ја изработи измената на Условите за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување на локалитет Катранџица, КО Ржаничино, Општина Петровец и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 894/2022 од 10.05.2022 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување на локалитет Катранџица, КО Ржаничино, Општина Петровец претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гаџовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска